**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Ниво на изучување** | По првата година од изучување на англискиот јазик во гимназиско образование, треба да се достигне знаење од рамништето Б1 (преодно рамниште), според Заедничката европска референтна рамка за јазиците. |
| **Теми/подрачја во наставната програма**[1] | • ***Тема 1: Личен домен – Лични искуства и ставови***<br>• ***Тема 2: Општествен домен – Живот во заедницата***<br>• ***Тема 3: Професионален домен – Образование и работа***<br>• ***Тема 4: Јавен домен – Глобални прашања и животна средина***<br>• ***Тем 5: Култура и интеркултурна комуникација*** |
| **Број на часови** | 3 часа неделно / 108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер (таблет), печатач, проектор, табла(интерактивна табла), постер.<br>• Фотографии, слики, предмети, флеш карти, стикери.<br>• Материјал за изработка на картички/а, честитки/а, хартија(во боја), хамер, ножици, лепак, блокови и прибор. |

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која преовладува во неа, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури застапени во целата наставна програма, без оглед на тоа како се распоредени по темите во наставната програма.

| | |
|---|---|
| | • Учебник, прирачници, еднојазични речници (англиско-англиски речник); двојазични речници (мајчин јазик-англиски јазик) во печатена и/или електронска форма, списанија во печатена и/или електронска форма. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Англиски јазик во I (прва) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое има:<br>• завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕТКС;<br>• завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема 1: ***ЛИЧЕН ДОМЕН – ЛИЧНИ ИСКУСТВА И СТАВОВИ***

Вкупно часови: 27

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. слуша и разбира јасно артикулиран стандарден говор во секојдневна комуникација, која вклучува детален опис на луѓе, опишување на непосредното опкружување, лични интереси, како и опис на здрави животни навики: правилна исхрана и физички активности;
2. чита и разбира дијалози и текстови со специфична содржина на теми за семејството, пријателите, соседите, познаниците, личните рутини, навиките, искуствата, личните интереси и здравите животни навики, кои содржат описни придавки, како и соодветни колокации, фрази и идиоми;
3. зборува и учествува активно во разговори/дискусии и изразува ставови на теми поврзани со семејство, пријатели, соседи и познаници, лични рутини, навики, искуства, лични интереси и здрави животни навики, користејќи реченици во *Present Simple Tense, Present Continuous Tense, Past Simple Tense* и *Past Continuous Tense*;
4. пишува дневник за лични доживувања, искуства и настани и/или неформална електронска пошта.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Јазични функции<br><br>• искажување лични навики и рутини<br>• искажување дејство што се случува во моментот на зборување<br>• разликување помеѓу факт и/или дејство кое се случува во моментот на зборување<br>• искажување договорени настани/средби/активности во блиска иднина<br>• поттикнување разговор во група преку дискусија, барајќи согласност или потврда со цел активно вклучување на соговорниците<br>• опишување искуства и настани | • Опишува навики од сопственото секојдневие.<br>• Опишува дејство што се случува во моментот на зборување.<br>• Прави разлика помеѓу јазични средства за искажување факт, повторливост, рутина и јазични средства за дејство што се случува во моментот на зборување.<br>• Наведува планирани активности, средби во блиска иднина.<br>• Користи соодветни граматички и лексички средства во разговор/дискусија за да поттикне соговорник да се |

| | |
|---|---|
| ● искажување дејство што се случувало во даден момент во минатото<br>● разликување помеѓу завршено просто и трајно дејство во минатото<br>● опишување луѓе преку употреба на придавки (опис на надворешен изглед и карактеристики на личноста)<br>● изразување релации поврзани со членови во семејството, пријателите, соседите и познаниците<br>● опишување на просторот и предметите во домот и домаќинството<br>● практикување здрави животни навики: правилна исхрана и физички активности<br>● искажување и опишување лични интереси<br>● изразување во неформален контекст (писмено и усно) - greetings, cards, notes to loved ones, journal, e-mail, dialogue<br>● составување дневник (според личните доживувања и искуства) | вклучи во разговорот/дискусијата и да искаже свое мислење и/или лично искуство<br>● Опишува минати настани, дејства и лични искуства.<br>● Опишува дејство што се случувало во даден момент во минатото.<br>● Разликува форми за искажување просто наспроти трајно дејство во минатото.<br>● Применува соодветни придавки за опис и карактеристики на личноста.<br>● Објаснува изградени односи на поединецот со непосредната средина, со семејството и пријателите.<br>● Опишува услови за домување со примена на сложени именки.<br>● Користи усвоен вокабулар за да ги опише сопствените навики и грижа за здравјето и благосостојбата.<br>● Набројува и опишува лични интереси и планови за во иднина.<br>● Опишува (писмено и усно) доживувања и настани со примена на усвоените граматички и лексички средства, соодветни за дадениот регистар и степен на формалност.<br>● Резимира сопствени искуства и случувања во форма на дневник. |
| б) Лексички единици<br><br>● семејство, пријатели, соседи и познаници: *relatives, ancestors, grandparents, grandmother, grandfather, mother, father, siblings, brother, sister, husband, wife, spouse, in-laws, aunt, uncle, nephew, niece, cousin, upbringing, neighbour,*<br>● колокации: *nucleus family, immediate family, extended family, blended families, single parent, family members/family support,blood relatives, best friend* | ● Употребува лексички единици за да означи претставници од непосредното опкружување: семејство, пријатели, соседи и познаници.<br>● Употребува соодветни фрази и идиоми со цел постигнување стилски ефект и разиграност на исказот.<br>● Користи широк опсег на придавки за дополнување на описот на поединец и неговите својства.<br>● Применува соодветни колокации за опис на личноста и за нејзината непосредна околина. |

| | |
|---|---|
| ● фрази и идиоми**:** *named after so., take after so., blood is thicker than water, a close-knit family, cut from the same cloth, like father, like son / like mother, like daughter, a chip off the old block, the apple doesn't fall far from the tree, to take after someone, to run in the family, sibling rivalry, to keep it in the family, black sheep, to follow in someone's footsteps,to bring home the bacon, breadwinner, flesh and blood, bad blood, born with a silver spoon in one's mouth, blood is thicker than water, generation gap, to raise/bring up a child*<br>● надворешен изглед и лични карактеристики**:** *handsome, attractive, good-looking, affectionate, aggressive, ambitious, annoying, anxious, bossy, brave, charming,competitive, confident, cool, creative, cruel, curious, dedicated, experienced, extraordinary, friendly, generous, gentle, hardworking, honest, independent, jealous, keen, kind, moody, needy, negative, outstanding, patient, positive, proud, rebellious, reliable, sensible, sensitive, selfish, silly, skillful, sociable, selfish, shy, spoilt, stubborn, supportive, talented, understanding, warm, weird, welcoming*<br>● колокации: *curly hair, medium height, bright eyes, naturally charismatic, exceptionally reliable, feeling frustrated, deeply introspective*<br>● делови од тело: *ankle, calf, chest, elbow, forehead, hip, shoulder, stomach, thigh, thumb*<br>● колокации: *cold feet, to eye up, to back down, to nose*<br>● фрази и идиоми: *cost an arm and a leg, off the top of the head, bite your tongue, break a leg, see eye to eye, get it off your chest*<br>● поими за опишување на просторот и предметите во домот и домаќинството: *entrance, porch, ceiling, apartment, nightstand, lantern, blinds, cutlery, coffeemaker, kettle, ashtray*<br>● колокации: *quest room, laundry room, wine cellar, (central) heating, fire place, ironing board,magazine holder housing, sweeping brush,clothes peg, soap dispenser* | ● Препознава и соодветно употребува разновиден зборовен фонд за опишување на животниот простор на поединецот.<br>● Идентификува и применува лексика за опишување поединости значајни за благосостојбата на личноста (физички активности и правилна исхрана).<br>● Употребува широк спектар на зборови поврзани со лични интереси, вклучително одбирање хоби, разни видови креативни вештини, физички активности.<br>● Препознава и употребува соодветни колокации.<br>● Идентификува и применува фрази и идиоми поврзани со лични искуства и ставови. |

| | |
|---|---|
| • видови физички активности *(indoor and outdoor)* и соодветна опрема:<br>*- physical activities: walking, running or jogging, cycling, swimming, hiking, yoga*<br>*- equipment: walking/running shoes, fitness tracker, leggings, reflective gear, cycling helmet, fitness /yoga mat*<br>• лични интереси**:** *arts and crafts, hobbyists, pastime, leisure, reading books, watching movies, playing games, cooking, creative, playing musical instruments, painting, pottery, knitting, photography, origami, soaps, candles, graffiti, collecting things, sketching, listening to music, dancing, meditation, hanging out with friends, blogging, window shopping*<br>• фрази и идиоми**:** *to relax (to have fun, to unwind, to chill out, to disconnect, to let one's hair down, to kickback and relax), to stay healthy (to stay in shape, to get fit, to get into shape), to socialize (to be with family, to hang out with friends, to chill out with friends, to meet up with friends..)*<br>• правилна исхрана: *word clusters of food and vegetables, dairy products, meat and fish, spices, recipes and cooking, nutrition, superfoods, fasting, portion control, metabolism, to detoxify the body*<br>• колокации: *entire family, foster care, get stuffed, adequate food, food intolerance, youthful appearance, friendly personality*<br>• поими поврзани со изучување странски јазици: *skills, level, competence, fluency, pronunciation, interaction, proficiency, multilingual, dialect* | |
| в) Граматички структури:<br>• помошни глаголи за граматички времиња и структури (*be, do, have*)<br>• структура на реченица во англискиот јазик (*subject, verb, object*)<br>• зборовни групи: *noun, pronoun, adjective, verb, adverb, interjection, conjunction, preposition, determiner* | • Препознава, разликува и правилно применува различни помошни глаголи за соодветно време во даден контекст.<br>• Препознава и правилно поврзува во низа реченични членови за да оформи правилен збороред во реченица.<br>• Препознава и правилно применува зборовни групи на соодветно место во реченица во устен и писмен контекст. |

| | |
|---|---|
| ● увежбување на сегашни времиња преку контрастирање (споредување и разликување) (*Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*)<br>*(“I usually wake up at 7 AM, but today I am sleeping in.“ “She is working on her project at the moment.“*)<br>● увежбување на минати времиња преку контрастирање (споредување и разликување) (*Past Simple Tense* и *Past Continuous Tense)*<br>(*“While I was studying, my friend called me.“ “We visited Paris last summer.“*)<br>● описни придавки кои се однесуваат на луѓе - надворешен изглед и лични карактеристики*: muscular, graceful, slim, chubby, tanned, pale, attractive*<br>● степенување на придавки (*comparatives and superlatives*)<br>(*“This book is more interesting than the previous one.““He is the most talented musician in the group.“*)<br>● фразални глаголи: *cool down, warm up, speed up, slow down, work out, keep up, cool off, speak up, run out of* | ● Разликува форма и употреба помеѓу рутини и тековни активности.<br>● Идентификува и применува форми за опишување кратки наспроти долготрајни настани во минатото.<br>● Препознава и правилно применува форма за правилно степенување кај придавките.<br>● Препознава форма на одредена група фразални глаголи и разликува нивно значење. |

**Примери на активности:**

**Практична активност:** „Мој типичен ден и денес“: учениците пишуваат текст во кој го опишуваат нивниот типичен ден со употреба на *Present Simple Tense* за опишување на рутини и денешниот ден со *Present Continuous Tense* за активности што се случуваат во моментот на зборување.

Пример:

*Write about your typical weekday and compare it to today. Use sentences like:*

- *"I usually cook eggs for breakfast, but today I am making pancakes ."*
- *"I always study in the afternoon, but now I am helping my mom in the kitchen."*

**Квиз:** „Што се случи?“ квиз со прашања кој комбинира *Past Simple Tense* и *Past Continuous Tense* каде учениците даваат точен одговор со употреба на временските форми и соодветните прилози.

Пример:

- *Who called you while you were watching TV last night?*

**Играње улоги:** „Луѓето кои ме инспирираат“: учениците во парови глумат позната личност што ги инспирира, а останатите ученици применувајќи соодветни именки и придавки за опис *(e.g., hardworking, generous, creative, inspiring, curly hair)* ја откриваат личноста.

Пример:

*Describe the mysterious celebrity. Use questions like:*

- *"Is the person you are presenting an inspiring individual?"*
- *"Is your mysterious person male or female?"*
- *“What does your mysterious person do?”*
- *“Is your person tall/short/young/old?”*

**Дискусија**: Современо пријателство : учениците дискутираат за динамиката на едно модерно пријателство употребувајќи соодветна лексика.

Пример:

- *What makes someone a good friend?*
- *How do you usually meet new friends?*

**Писмено изразување**: Незаборавно искуство: учениците самостојно употребуваат соодветна лексика и соодветни граматички структури и го прикажуваат доживеаното искуство.

Пример:

- *What is one of the most exciting things you have ever done?*
- *Share a memory of a holiday or trip that you will never forget.*

**Истражување**: Учениците, поделени во групи, истражуваат определена култура и подготвуваат презентација во која ја опишуваат културата и нејзините традиции и ја споредуваат со сопствената.

Пример:

- *What is specific about the tradition you are presenting?*
- *Are there any similarities with your own culture and traditions? Are there any differences?*

**Игровна активност**: *Can you guess what I am interested in?*: учениците ги опишуваат своите интереси, а останатите ученици откриваат кои се тие интереси.

Пример:

*Here are some people talking about their interests. Can you guess what is it in each case?*

A. *I usually use colour, but sometimes you get a better effect with black and white. Itreally depends on the subject.(photography)*
B. *I really enjoy going round the shops and markets looking for a bargain.(collecting antiques)*
C. *I try to practise every day, but sometimes it is difficult because I don't like to disturb my neighbours too much. And one neighbour gets very angry if I play the same thing over and over again.(playing a musical instrument)*
D. *The great thing is you can do it when you like. I usually do it three or four times a week – either early in the morning, or after school. I only go for about 25 minutes but it really keeps me fit.(jogging)*
E. *Obviously it saves me a lot of money; and in any case, I hate buying things in boutiques because so many things are badly made.(makes her own clothes)*
F. *I joined a club because I wanted to get better, and I now play twice a week in the evenings. It has helped me a lot and I have a much better memory for all the different moves and strategies.(chess)*
G. *I think this is a very common hobby for people like me, who have a house but don't have much money. That's why I started, but now I think I do a better job than many professionals.(DIY)*

**Симулација**: учениците, во улога на новинари, меѓусебно се интервјуираат користејќи однапред подготвени прашања за нивни навики, рутини и сл. (со цел примена на соодветни прилози за време и *Present Simple Tense):*

Пример:

- *Do you do any sport during a certain day of the week?*
- *How many hours do you usually read a day?*
- *What is the first thing you do when you come home?*

**Практична активност**: учениците треба да ги забележат и коригираат грешките во понуден текст со намерни грешки (за употреба на *Present Simple Tense, Present Continuous Tense, Past Simple Tense* и *Past Continuous Tense*). Грешките се однесуваат на формата на глаголите и на прилозите за време.

| Тема 2: ***ОПШТЕСТВЕН ДОМЕН – ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА***<br>Вкупно часови: 27 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:<br><br>1. слуша и разбира информации поврзани со карактеристики на определено место, вклучително традиција и обичаи, прашања на заедницата, локални активности за подобрување на животот во заедницата, различни култури и нивни особености;<br>2. чита и разбира потребна информација од информативни текстови, брошури, патеписни репортажи, блогови;<br>3. зборува и учествува во дискусии за посетени места/културни настани и особености на конкретни заедници користејќи реченици во *Past Simple Tense, Past Continuous Tense, Present Perfect Simple Tense* и *Present Perfect Continuous Tense* за детално опишување минати настани и активности поврзани со заедницата;<br>4. пишува текст во форма на електронска порака и приказна, користејќи го усвоениот вокабулар. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции<br><br>● прераскажување случувања од минатото<br>● разликување дејство кое е завршено во минатото и дејство кое започнало во минатото, а има резултат во сегашноста<br>● разликување употреба на минато определено време (просто и трајно) и минато неопределено време (просто и трајно)<br>● опишување (писмено/усно) на посетени дестинации (одморалишта или места за забава) поврзани со патувања и туризам<br>● претставување традиционални и национални јадења од различни земји<br>● изразување мислење за прочитано книжевно дело или омилени книжевни жанрови | ● Опишува минати настани.<br>● Прави разлика во употребата на минатите времиња, за опишување минат настан во определен или неопределен момент во минатото.<br>● Поврзува реченици во низа за да прераскаже минат културен настан, посетено место и/или лично искуство, при што соодветно ги употребува глаголските времиња (*Past Simple Tense, Past Continuous Tense, Present Perfect Tense, Present Perfect Continuous Tense).*<br>● Употребува соодветна лексика при опис на посетено место, локална заедница, традиција и прашања на локалната заедница.<br>● Користи готови фрази за изразување сопствено мислење за посетено место или локална заедница, вклучително и културните обележја, обичаи, традиција, книжевно дело или омилени книжевни жанрови. |

| | |
|---|---|
| • составување електронска порака (покана за активност во рамките на локалната заедница /покана за културен настан/ писмо со цел иницијатива за активност на ниво на локалната заедница)<br>• пишување кус расказ/приказна | • Користи новоусвоен вокабулар за да напише електронска порака (во форма на иницијатива за локалните власти или во форма на покана за организиран настан на ниво на заедницата).<br>• Поврзува реченици во мисловна целина (пишан текст) применувајќи соодветни сврзници со цел одржување на кохезијата на продуцираниот текст. |
| б) Лексички единици<br>• активности во локалната заедница: *campaign, charity, service*<br>• колокации за активности во локалната заедница: *clean-up campaign, charity drive, community service. ("Our class organized a charity drive to help the local shelter.")*<br>• културни настани: *parade, art exhibition, folklore festival, drama*<br>• места за одмор и забава: *resorts, spa, country retreats, camping sites, city centers, cultural destinations, theme parks, parks and gardens*<br>• опис на места: *crowded, vibrant, peaceful, welcoming ("The festival was vibrant and full of interesting performances.")*<br>• идиоми поврзани со забава и одмор: *jump for joy, spread joy, a whale of a time,have a blast, beauty sleep, to switch off, recharge your batteries, chill out, to unwind, to zone out*<br>• колокации за опис на туристички места: *stunning view, cosmopolitan city, (stunning/renewed/baroque) architecture, picturesque region, modern buildings, nature tourism, rural tourism, high speed, guided tour, swarming with tourists, tourist trail*<br>• поими поврзани со патување: *platform, gate, stopover*<br>• колокации поврзани со патување: *departure/arrival (time/area), road trip, economy/business class, final* | • Препознава значење на клучни зборови и колокации поврзани со опишување на места, културни особености и настани, локална заедница и локални активности, забава и одмор, посетени места и патувања.<br>• Разликува и користи значење на широк спектар зборови што означуваат опис на места, локални заедници и традиции, културни настани и локални активности, забава и одмор, посетени места и патувања.<br>• Составува реченици (при усно изразување и интеракција) и ги поврзува во низа за да изрази сопствено мислење/став користејќи усвоени фрази.<br>• Составува реченици (при писмено изразување) и ги поврзува во низа за да даде опис и/или да изрази сопствено мислење и иницијатива.<br>• Употребува соодветна лексика, колокации и идиоми поврзани со земји, националности, традиција, национална/традиционална кујна и културни особености.<br>• Препознава и применува различни литературни жанрови.<br>• Изразува сопствено мислење (аргументирано и во логичен след) за прочитана литературна творба. |

| | |
|---|---|
| *destination, to book tickets, catch a train/ a bus, fast track, first-class*<br>● идиоми поврзани со патување: *packed like sardines, have itchy feet*<br>● национални/традиционални јадења: *Indian curry, English breakfast, Shepherd's pie, Chinese noodles, French baguette,Greek moussaka, Hungarian goulash, Italian pizza, Japanese sushi rolls, Mexican Tacos, Turkish doner, Dubai chocolate, Portuguese salted cod, Macedonian ajvar*<br>● идиоми за земји и националности: *like a Russian rolling down the hill, Irish goodbye, it's all Greek to me, pardon my French, to go Dutch, Indian summer, to take French leave*<br>● поими поврзани со традиција: *heritage, feast, festival, celebration, festivities, folklore, gala, parade, performer, cultural (collocations: cultural value, belief, awareness, diversity, centre, exchange, ties etc.)*<br>● поими за литературни видови и жанрови: *fairytale, myth, legend play, sonnet, story, fiction, non-fiction, comics, manga, anime, romantic/classical/sci-fi/history novel*<br>● фрази за искажување сопствено мислење за прочитано дело: *to be honest, I think, I don't agree that, I like it because, from my point of view, I would like to point out that, from my perspective, in my view*<br>● поими поврзани со основни човекови права: *liberty, privacy, activism, protests*<br>● колокации поврзани со основни човекови права: *personal security, human rights, global citizenship, border control, human dignity, declaration of rights* | ● Разликува поими и колокации поврзани со основни човекови права. |
| в) Граматички структури: | |

| | |
|---|---|
| ● форма и употреба на *Past Continuous Tense* за истовремени дејства *("While I was helping at the event, others were decorating the hall.")*<br>● форма и употреба на *Present Perfect Tense* за дејство кое започнало во минатото, а има резултат во сегашноста<br>*("She has lived here for years." He hasn't cleaned his room for months." "Have you talked to them today?")*<br>● прилози и основни прилошки фрази за *Present Perfect Tense* на соодветно место во реченица *(ever, never, already, just, yet, since 2020, for 5 years, so far, until now, up to now, recently, only)*<br>● увежбување на времиња преку контрастирање /споредување/ разликување на *Past Simple Tense* и *Present Perfect Tense ("Shakespeare wrote many plays." "Dan Brown has written 6 novels until 2024.")*<br>● сврзници *(for, and, nor, but, or, yet, so)*<br>*coordinating (because, although, since, unless, while, after, if, when, before)*<br>*subordinating (so that, in order that, even thought)*<br>● увежбување на времиња преку контрастирање /споредување/ разликување на *Present Perfect Tense* и *Present Perfect Continuous Tense ("I have volunteered at the local shelter for three years." "We have been working on this project since January.")*<br>● фразални глаголи: *rundown, litter with, stand out, set apart, sticking out, blend in, freshen up, stand out* | ● Применува соодветни времиња за опишување паралелни активности во минатото.<br>● Опишува минати настани со резултат во сегашноста.<br>● Разликува форма и употреба на *Present Perfect Tense* и *Past Simple Tense* и соодветно ги применува во контекст.<br>● Користи соодветни прилози и прилошки определби во *Present Perfect Tense* (на соодветно место во реченица) при писмено и усно изразување.<br>● Разграничува значење на сврзници во независно-сложените и зависно-сложените реченици.<br>● Употребува соодветни сврзници заради постигнување кохезија на текстот.<br>● Разликува форма на *Present Perfect Tense* и *Present Perfect Continuous Tense* и соодветно ги применува во контекст.<br>● Препознава форма на одредена група фразални глаголи и разликува нивно значење. |
| **Примери на активности:** | |

**Практична активност**: „Кампања за чистење“: учениците ги наведуваат и опишуваат подготовките за организирање на кампања за чистење во заедницата, користејќи *Present Perfect Continuous Tense*.

Пример:

*Plan your community clean-up campaign. Use sentences like:*

- *"We have been preparing posters for the campaign for two weeks."*
- *"Our team has been working on getting volunteers."*

**Практична активност**: „Културен настан во мојата заедница“: учениците, поделени во групи, опишуваат важен културен настан во нивната заедница, користејќи минати времиња, наведувајќи што се случило и какви биле реакциите на учесниците..

Пример:

*Describe a cultural event in your community. Use sentences like:*

- *"Last year, our town organized a folklore festival in the main square."*
- *"The event was crowded, but the performances were amazing."*

**Практична активност**: „Покана за настан“: учениците, поделени во групи, пишуваат неформална покана за културен настан.

Пример:

*Write an invitation for a cultural event. Include:*

- *"The event will take place on Saturday, June 10th, at 6 PM."*
- *"Join us for a night of music and traditional dance."*

**Квиз:** Учениците учествуваат со прашања на тема патување и туризам.

Пример:

*1. Which city is known as the “City of Love”? Answer: Paris, France.*

*2. What is the tallest building in the world and where is it located? Answer: Burj Khalifa, Dubai, United Arab Emirates.*

*3. Which country is famous for its fjords? Answer: Norway.*

*4. In which country would you find the ancient city of Machu Picchu? Answer: Peru.*

*5. What is the largest desert in the world? Answer: The Sahara Desert, Africa.*

**Индивидуална активност** - Вежба за вокабулар - Поврзување и употреба во реченица

*Connect the words and their definitions:*

*1. Heritage: The traditions, customs, and achievements of a particular group or community passed down from generation to generation.*

*2. Parade: A public procession with people, vehicles, and floats, often accompanied by music.*

*3. Performer: A person who entertains an audience, such as a singer, dancer, or musician.*

*Fill in the gaps:*

1. *The festival celebrates the rich________________ (heritage) of the local population.*
2. *Finding a good spot to watch the ________________(parade) is a popular activity during the festival.*
3. *Traditional _______________(performers) often wear elegant costumes and use unique instruments.*

**Истражувачка активност** : учениците се делат во групи и истражуваат на тема: *"Participating in community service projects- Yes or No?"* и потоа изготвуваат листа со позитивни и негативни аспекти на темата.

Пример:

*Write a list of pros and cons*

- *Pros: team work, building community, volunteering*
- *Cons:  time consuming, different attitudes, lack of motivation*

**Практична активност**: учениците се делат во групи и секоја група креира акциски план на дадена тема од хуманитарен карактер.

Пример:

Create an action plan for one of the following topics:

*Design a community mural./ Make birthday cards for kids in homeless shelters./ Collect and donate non-perishable food items./ Walk kids home from school./ Rake leaves for an elderly neighbor. / Help kids with their homework. / Give free music lessons. / Clean up your local park./Collect toys and games from friends, family and classmates and donate these to shelters /Donate clothes you have outgrown to shelters and charitis / Collect books and donate them to shelters or little libraries in your community.*

| Тема 3: ***ПРОФЕСИОНАЛЕН ДОМЕН – ОБРАЗОВАНИЕ И РАБОТА***<br>Вкупно часови: 27 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:<br><br>1. слуша и разбира информации поврзани со образование, професии, квалитети за работа, кариерно напредување, технологија;<br>2. чита и разбира потребни информации од текстови поврзани со образование и работно опкружување, професии, кариера, кариерно напредување и технологија, кои содржат модални глаголи за изразување наредба, обврска, дозвола и забрана *(must/have to/don't have to / mustn't);*<br>3. зборува и учествува во дискусии за образование, професии, кариерно напредување, квалитети за работа, технологија, користејќи реченици во *Future Simple Tense, Present Continuous Tense, Present Simple Tense* и *be going to,* за искажување идност и користејќи условни-дел реченици *(First conditional)* за искажување реални ситуации;<br>4. пишува планер, куса биографија и кус состав на тема лични амбиции, ставови, желби, планови. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br><br>● искажување наредби/обврски/дозволи/забрани<br>● искажување идни планови<br>● искажување реален услов<br>● претставување и опишување професии, кариера и професионален развој<br>● барање и давање информации поврзани со технологија<br>● опишување на податоци од графички приказ (усно/писмено)<br>● пишување планер - идно време<br>● пишување куса биографија<br>● пишување кус состав на тема лични амбиции, ставови, желби и планови | ● Применува соодветен модален глагол за задавање наредби, обврски, дозволи и забрани.<br>● Применува соодветен модален глагол за изразување изведен заклучок или степен на веројатност.<br>● Искажува идни планови со примена на *Future Simple Tense, be going to, Present Continuous Tense* и *Present Simple Tense.*<br>● Користи соодветна форма на глаголите во условните дел-реченици и го препознава значењето зад соодветната форма во однос на степенот на веројатност.<br>● Разбира пишан текст или аудио-визуелен материјал на тема професии.<br>● Поврзува (писмено и усно) повеќе реченици во низа за опис на работно место, професија, сопствено претставување во смисла на стекнато образование и вештини за работното место. |

| | |
|---|---|
| | ● Поставува и одговара на прашања во дискусија и/или по прочитана/слушната содржина поврзана со технологија.<br>● Одржува континуитет во интеракцијата – комуникациски чин.<br>● Одговара на прашања во разговор/дебата/дискусија употребувајќи усвоена лексика, колокации, фразеолошки изрази и граматички структури при искажување лични планови, амбиции, желби и вредносен систем.<br>● Поврзува зборови од новоусвоената лексика со цел да напише лична куса биографија.<br>● Користи *Future Simple Tense, be going to, Present Continuous Tense* и *Present Simple Tense* за идни планови за да напише кус состав на тема лични амбиции, ставови, желби и планови. |
| б) Лексички единици<br>● професии: *programmer, janitor, manager, scientist, archeologist, waiter, lawer, hairdresser, make-up artist, influencer, software developer, web designer, graphic designer*<br>● поими за кариера и кариерно напредување: *application, interview, expert, collaboration, contact, promotion, taxes, time management, workshop, pay/salary/wage, day-to-day work, competences, skills*<br>● описни придавки: punctual, reliable, efficient, innovative.<br>(“A teacher must be patient and understanding.“)<br>(“The office is equipped with modern technology.“)<br>● колокации: *part-time/full-time job, work experience, working conditions, career guidance* | ● Препознава и разликува значење на одреден број зборови со кои се именуваат професии, различни видови работно опкружување и работни односи.<br>● Набројува и објаснува значење на фрази поврзани со професии и работни места.<br>● Препознава и користи именки и именски фрази при именување и опис на професии.<br>● Применува усвоени колокации поврзани со различни видови професии, работни места, како и лични својства и квалитети за работа.<br>● Составува (писмено и усно) реченици применувајќи соодветен вокабулар и фразеолошки изрази за лично претставување во формална средина, со искажување амбиции, желби и ставови.<br>● Набројува, опишува и употребува лексика поврзана со училишната средина.<br>● Препознава и користи колокации, фрази и идиоми поврзани со училишната средина. |

| | |
|---|---|
| • фрази и идиоми: *looking for a new job, to be given a sack, resign from a job, out of work, out of office, call it a day, on the same page, fill in an application form, have an interview, get a job/lose a job, sign a contract*<br>• наставни предмети и училишна средина: *Foreign languages, Science, Arts, PE, IT, school clubs, college, library, school hall, classroom*<br>• фрази и идиоми: *learn by heart, hit the books, pass with flying colours, to know something inside out, put one's thinking cap on, to wrack one's brain, bookworm*<br>• поими поврзани со прекршување на законот: *law, rule, fine, detention, violation*<br>• фрази и идиоми*: break the rules, pay a fine, community service, detention center, counselling*<br>• колокации: *major crime, anti-discrimination law*<br>• поими за технологија и когнитивни вештини: *comprehension, perception*<br>• колокации: *virtual reality, artificial intelligence, science technology, data collection, attention span, paying attention, data analysis, cognitive processes, in-depth research* | • Препознава и употребува широк опсег на именки, придавки, колокации и фразеолошки изрази за опис на професија, работно место и тип на работен однос.<br>• Идентификува и користи лексика од областа на законската регулатива.<br>• Употребува соодветни колокации за опишување на поими од областа на законите.<br>• Препознава и употребува поими поврзани со когнитивните вештини на поединецот и со технологијата (виртуелниот свет). |
| в) Граматички структури:<br>• форма, употреба и увежбување на модални глаголи за обврска, дозвола, наредба и забрана - *must / have to / don't have to / mustn't*<br>*("You must wear a uniform at work." "I have to write my homework." "He doesn't have to get up early on Sunday." "He mustn't use his phone in class.")*<br>• форма, употреба и увежбување на *Future Simple Tense* | • Разликува контексти за правилна употреба на модалните глаголи за искажување обврска, дозвола, наредба и забрана.<br>• Разликува форма, употреба и увежбува *Future Simple Tense* за искажување идност и соодветно го користи во нов контекст.<br>• Употребува точни форми за активности во иднината. |

| | |
|---|---|
| ● увежбување на форми за искажување идност (*Future Simple Tense, be going to, Present Continuous Tense, Present Simple Tense)*<br>● форма и употреба на условни- дел реченици (*First conditional)*<br>*("If you work hard, you will succeed." "If the weather is nice, we will go hiking.")*<br>● увежбување на заповедни реченици (*Imperatives)*<br>*("Don't touch the hot stove!" "Stay away from the edge of the cliff!")*<br>● увежбување на прилози за начин - правилни и неправилни форми *(skillfully, diligently, hardly, well)*<br>● фразални глаголи: *carry out, take over, take on, lay off, knuckle down, hand in, burn out, knock off, call off, slack off, team up* | ● Споредува и разликува помеѓу *Future Simple Tense, be going to, Present Continuous Tense, Present Simple Tense* на ниво на форма, начин на образување и употреба.<br>● Користи фрази за хипотетички ситуации, искажувајќи реален услов со примена на условни-дел реченици *(First Conditional).*<br>● Користи соодветна форма за конструкции во императив за да даде заповед.<br>● Употребува точни форми на прилози за начин и препознава нивна правилна и неправилна форма.<br>● Препознава форма на одредена група фразални глаголи и разликува нивно значење. |

**Примери на активности:**

**Практична активност**: „Правила на работното место": учениците (во група) создаваат список на правила за замислено работно место, користејќи модални глаголи *(must, have to).*

Пример:

Create a list of rules for a workplace. Use sentences like:

- *"Employees must arrive on time."*
- *"You have to wear a uniform."*

**Индивидуална активност**: „Моите професионални сништа": учениците пишуваат кус текст за нивните идни професионални планови, користејќи идни временски форми.

Пример:

Write about your professional dreams. Use sentences like:

- *"In five years, I will be studying medicine at university."*
- *"I will work as a software developer and create amazing apps."*

**Дебата**: „Студирање во странство – за или против?“: учениците се поделени во две групи (за и против) дебатираат на дадената тема користејќи условни-дел реченици *(First Conditional)* за аргументирање.

Пример:

*Prepare arguments for the debate. Use sentences like:*

- *"If you study abroad, you will gain valuable experience."*
- *"If students leave the country, the local workforce will decrease."*

**Практична активност**: „Кои вештини се потребни за одредена професија?“: учениците се поделени во тимови и секој тим согледува потребни вештини за дадена професија.

Пример:

*Thinking hats - teams*

- *Yellow - positive, Green - create, Red - emotion, White - facts, Black - negative, Blue - process*
- *Each team lists different ideas for each hat.*

**Играње улоги** - Интервју за работа : учениците се делат во парови и секој пар наизменично ја презема улогата на работодавач - кандидат за работно место.

Пример:

*“Do you have any previous experience?”*

*“What are your expectations?”*

**Истражување** - SWOT анализа: учениците истражуваат кои се потребните квалификации за дадена професија.

Пример:

- *Research the following Background , Work experience , Qualifications, Strengths and weaknesses*
- *SWOT analysis*

**Натпревар** – Листа на поими поврзани со професии: учениците, поделени во групи се натпреваруваат во составуваат зборовни гроздови поврзани со дадени професии.

Пример:

- *Teacher - book, teach, blackboard, marker, laptop, students*
- *Pilot - plane, fly, flight, luggage, passport, destination.*

**Креативна активност** - Изработка на картички со пораки за оддавање признание кон вработените.

Пример:

- *Students create 'Thank you notes' to show appreciation for the school employee.*

| Тема 4: ***ЈАВЕН ДОМЕН – ГЛОБАЛНИ ПРАШАЊА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА***<br>Вкупно часови: 27 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:<br><br>1. слуша и разбира информации поврзани со животната средина, екологија, мултикултурализам и инклузија;<br>2. чита и разбира потребни информации од текстови поврзани со животната средина, екологија, мултикултурализам и инклузија, кои содржат модални глаголи за дедукција *(must/may/might /can/could);*<br>3. зборува и учествува во дискусии за животната средина, екологија, мултикултурализам и инклузија користејќи пасивни конструкции и условни- дел реченици *(Second conditional)* за искажување хипотетички ситуации;<br>4. пишува вест/ новинарска статија и кус состав на теми од животна средина/мултикултурализам/ инклузија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции<br><br>● искажување услови или хипотетички ситуации<br>● донесување заклучоци врз основа на факти, веројатности и достапни податоци<br>● опишување на дејство без нагласување на вршителот | ● Користи соодветна форма на глаголите во условните дел-реченици и го препознава значењето зад формата во однос на степенот на веројатност. |

| | |
|---|---|
| ● давање информации со употреба на односни реченици<br>● опишување на животната средина и екологија<br>● изразување мислење за глобални теми<br>● изразување амбиции, желби, ставови и вредности<br>● пишување вест или новинарска статија со употреба на безлични форми<br>● пишување кус состав на теми од животна средина/ мултикултурализам/инклузија | ● Искажува хипотетички услов/ ситуација користејќи условни-дел реченици (*Second conditional).*<br>● Применува соодветен модален глагол за дедукција, условни дел-реченици и глаголска именка за да состави реченица со која се изведува заклучок базиран на достапни информации.<br>● Применува соодветна форма на пасивни конструкции со свесност за причината за отсуство на вршителот на дејството.<br>● Составува односни реченици, при што дава дополнителни информации при опишување животна средина.<br>● Препознава значење и користи разновиден опсег на именки поврзани со глобални општествени прашања.<br>● Учествува во разговор/дискусија/дебата за глобални теми и животна средина.<br>● Поврзува (писмено и усно) повеќе реченици во низа за да опише согледани состојби поврзани со глобални теми.<br>● Аргументира низ поврзан текст или дискусија за теми како животна средина, мултикултурализам и инклузија.<br>● Поврзува три пасуса во низа користејќи новоусвоен вокабулар, условни реченици и реченици со пасивни конструкции кзко и предлози-предлошки фрази – за место, време и движење за да напише вест или куса новинарска статија за училиштен весник.<br>● Користи односни реченици/ модални глаголи за дедукција и прилози за интензитет за да напише кус состав на тема за животната средина и екологија/мултикултирализам/ инклузија. |
| б) Лексички единици<br>● поими за животната средина и екологија: *eco-friendly, recycling, pollution, conservation, waste-reducing*<br>● фрази и идиоми: *a breath of fresh air, to hit the hay, tip of the iceberg, a drop in the ocean* | ● Препознава и користи широк спектар на именки и именски фрази при именување и опис на глобални теми и еколошки прашања. |

| | |
|---|---|
| ● колокации: *good-for-earth, save energy, eco friendly, noise pollution, natural phenomenon, planet friendly, temperature zones, renewable energy, climate change*<br>● поими за мултикултурализам: *assimilate, diversity, collaboration, coexist peacefully, respect, multicultural background/society/community*<br>● поими за инклузија: *equality, accessibility, acceptance, bias, disability, belonging, impairment, equity, inclusion*<br>● колокации: *cultural competence, special education*<br>● фрази и изрази за искажување амбиции, желби, ставови и вредности: *lack of ambition, in my opinion, I value, lack of confidence*<br>● колокации**:** *personal career, literary ambition, personal/social values, life's ambition, personal growth* | ● Разликува и соодветно применува во контекст зборови со кои се именуваат појави и својства на појави што се однесуваат на глобални теми и прашања за животната средина.<br>● Применува соодветни колокации поврзани со глобални општествени појави и прашања за животната средина.<br>● Објаснува значење на колокации и фрази поврзани со глобални теми.<br>● Составува (писмено и усно) реченици, соодветно употребувајќи колокации и фразеолошки изрази поврзани со глобални теми и прашања за животната средина.<br>● Користи соодветна лексика од доменот на животна средина, мултикултурализам и инклузија.<br>● Разликува и применува колокации и најзастапени фрази и идиоми поврзани со прашања од екологија, мултикултурализам и инклузија.<br>● Користи фрази, изрази и колокации за искажување амбиции, желби, ставови и вредности. |
| в) Граматички структури:<br>● форма и употреба на условни- дел реченици (*Second conditional)*<br>*("If I were the mayor, I would improve public transport.")*<br>● увежбување на условни дел-реченици (*Conditional clauses: zero conditional, first conditional, second conditional)*<br>● увежбување фрази за хипотетички ситуации: *had better, if only, I wish*<br>● форма и увежбување на модални глаголи за дедукција *(must, may, might, can, could)* | ● Користи точна форма во контекст на хипотетички ситуации за минато на условни- дел реченици (*Second conditional).*<br>● Разграничува и применува точна форма на условни- дел реченици (*zero conditional, first conditional, second conditional).*<br>●<br>● Применува соодветен модален глагол и форма за дедукција.<br>● Препознава и применува соодветна форма на пасивни конструкции.<br>● Идентификува разлики при употребата на пасивни конструкции во наспроти нивните еквиваленти- активни конструкции.<br>● Применува пасивни конструкции во *Present Simple Tense, Past Simple Tense* и *Future Simple Tense.* |

| | |
|---|---|
| *(“He is not here yet. He might still be at work.”*<br>*“She can’t make it. She has been caught in traffic.”)*<br>● форма и увежбување на пасивни конструкции *(Present Simple Tense, Past Simple Tense* и *Future Simple Tense)* *(“The forests are being cut down at an alarming rate.“)*<br>● односни реченици: *who, which, that, where, whose* *(“This is Amy, whose sister is a teacher at my school.”* *“Most of the relatives that/who came to my party live in London.”* *“The birthday party, which Tom took ages to prepare, turned out to be a great success.”)*<br>● форма и увежбување на претставки за формирање именки од глаголи: *dis-,inter-,mis-,co- + verb* *(co-production, disconnection, interaction, intervention, misunderstanding, misinterpretation)*<br>● форма и увежбување наставки за формирање именки од глаголи/именки и од придавки:<br>*verb + -ation, -ment, -ing*<br>*noun + -arian, -ee, -ist, -er*<br>*adjective + -ness, -y, -ity*<br>*(celebration, achievement, election, decision, imagination, vegetarian, libertarian, refugee, violinist, recovery)*<br>● форма и употреба на глаголска именка<br>*”Painting requires a lot of creativity.”*<br>*”He did a brilliant reading of the poem”*<br>*“Creating a new folder for the documents will make coworking easier.”*<br>● Предлози-предлошки фрази – за место, време и движење | ● Разграничува форма и значење на показателите во односните реченици.<br>● Препознава претставки: (*dis-,inter-,mis-,co- + verb)* за формирање именки од глаголи и го објаснува нивното значење.<br>● Препознава определен број типични наставки за формирање именки од глаголи, именки од именки и именки од придавки, при што идентификува нови именки во даден контекст.<br>● Препознава и применува глаголска именка во различни контексти (како подмет и предмет).<br>● Разграничува предлози што се употребуваат со глаголи што содржат компонента на движење, наспроти предлози што се однесуваат на локација.<br>● Препознава и применува прилози за интензитет: *very, quite, so, a bit* во соодветен контекст.<br>● Препознава форма на одредена група фразални глаголи и разликува нивно значење. |

| | |
|---|---|
| *"I'm going back to school."*<br>*"We went outside."*<br>● Предлози за време*: on, in, at, during*<br>*"The conference will take place on Monday."*<br>*"In the 21st century, technology has transformed nearly every aspect of our lives."*<br>*"They arrived at the right time, just as the presentation was about to start."*<br>● прилози за интензитет: *very, quite, so, a bit*<br>*("Social media is very influential in youngsters' lives."*<br>*"Media pressure is quite the determiner when it comes to peoples' acceptance of new ideas.")*<br>● фразални глаголи: *chop down, dispose of, dry up, scale back, throw away, use up, wipe out* | |

**Примери на активности:**

**Индивидуална активност**: „Како можам да помогнам?“: учениците пишуваат кус состав за тоа како можат да придонесат за заштита на животната средина, користејќи условни-дел реченици *(Second conditional)* и пасивни конструкции.

Пример:

*Write a short text about how you can help protect the environment. Use sentences like:*

- *"If I were the mayor, I would plant more trees."*
- *"Plastic bottles are being recycled in our community."*

**Дебата**: „Глобализацијата – за или против?“: учениците, поделени во две групи, дебатираат за позитивните и негативните аспекти на глобализацијата, користејќи аргументи и прилози за интензитет.

Пример:

*Prepare arguments for the debate. Use sentences like:*

- *"Globalization allows for cultural exchange."*

**Дискусија**: „Факти за животната средина“: учениците учествуваат во дискусија, одговарајќи на прашања поврзани со заштита на природата со користење соодветна лексика.

Пример:

- *What is the main benefit of renewable energy?*
- *Why is biodiversity important for the planet?*
- *How can recycling reduce pollution?*

**Индивидуална активност:** - учениците (индивидуално) ги наведуваат личните можности и желби употребувајќи условни-дел реченици парафразирани врз основа на дадени цитати од познати личности.

Пример:

- *It is never too late to be what you might have been- George Eliot. –“ If it is not too late to start now, I would end all wars”*
- *The first sin towards our fellow creatures is not to hate them, but to be indifferent to them. That’s the essence of inhumanity. – George Bernard Shaw. . – “If everyone was indifferent towards politics, we wouldn’t be able to change anything.”*

**Игровна активност** - учениците презентираат можни точни/лажни медиумски информации.

Пример:

- *students pick a current event, research the information about it and act as a presenter.*
- *students try to guess which information is true or false.*

**Групен проект –** поттикнување на учениците да ги промислуваат и активно да пристапуваат кон прашањата што ја засегаат заедницата, со акцент на животната средина. Од учениците се очекува врз основа на достапни информации и факти, заеднички да состават допис до локалните власти.

Пример:

- Get a map of your town or city. Then call your city officials or look online to find out where dump sites, sewage treatment, and power-producing plants are located. Mark them on the map, and see if you find correlation between these points and poverty-stricken locations.  Let others know and do something about it.

**Квиз** – учениците одговараат на прашања со повеќечлен одговор со правилна употреба на наставки за зборообразување.

Пример:

- Which of the following is the correct form of the noun derived from the verb “to celebrate’? A-celebrity B-celebration, C-celibat, D-celery.
- Which of the following nouns is written correctly? A- imagination B-imaganation C-imaginage D-immagination.

**Писмено изразување** - учениците самостојно употребуваат соодветна лексика и соодветни граматички структури при пишување на текст за примери за инклузија во нивното блиско општество.

Пример:

- What does my school do to promote inclusion and inclusive education?
- What is the difference between equality and equity?

**Симулација на дискусија** на тркалезна маса – секој ученик добива една европска земја, ги истражува нејзините еко закони и истите ги презентираат на тркалезна маса.

Пример:

- Netherlands - Bike-Friendly Laws: The government invests heavily in cycling infrastructure, reducing car emissions and promoting green transportation.
- Norway - Ban on Deforestation: Norway was the first country to ban deforestation by prohibiting the government from purchasing products linked to illegal deforestation.
- France - Green Roof Law: New commercial buildings must have green roofs or solar panels to improve insulation and biodiversity.

**Дискусија –** учениците се делат во две групи, од кои едната група ги издвојува предностите, а другата недостатоците на предложените идеи, со аргументи за изнесеното мислење.

Пример:

- Purchase a water filter.
- Pick up trash along streets.
- Don’t run the water while brushing your teeth.
- Next time it rains, put a bucket outside to see how much water it collects.

Тема 5: ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Задолжителна компонента, која треба да се планира и реализира во рамки на часовите од сите четири теми, распоредени во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
2. ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;
3. го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадените култура.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
2. има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
3. ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
4. размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;
5. ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските и социјалните аспекти на земјите каде што се зборува англискиот како официјален јазик. При тоа треба да овозможат | • Идентификува значајни празници, обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите од англиско јазично подрачје.<br>• Наведува примери за историски или социјални фактори кои влијаеле врз развојот на културните обичаи. |

| | |
|---|---|
| развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | • Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и празниците на дадената и сопствената култура, користејќи релевантни примери<br>• Ги препознава и толкува културните симболи, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација. |

**Примери на активности:**

**Индивидуална активност:** Учениците самостојно пишуваат краток состав во кој опишуваат еден значаен празник од целната култура, користејќи го стекнатиот вокабулар.

**Квиз:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните традиции и обичаи од дадена култура.

**Дебата:** Учениците, поделени во две групи, дебатираат на тема "Традиционалните обичаи: Треба ли да се зачуваат или да се прилагодат на современите времиња?"

**Дискусија:** Наставникот започнува дискусија со прашањето: "Како празниците во вашата култура се разликуваат од оние во земјите каде што се зборува англиски јазик?" Учениците ги споделуваат своите размислувања.

**Играње улоги:** Учениците симулираат сцена во која подготвуваат прослава за одреден празник од дадена култура. При тоа треба да ги користат правилните изрази, поздрави и социјални норми што ги учат.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнува инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот/наставничката континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување, со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во прва година гимназиско образование по предметот англиски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усни одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- зборување и учествување во разговор/дискусија/дебата на познати теми, искажување свое мислење и став и аргументирање на искажаното мислење;
- читање и разбирање дадени информации, извлекување заклучок од прочитан текст и давање мислење во врска со прочитаното;
- пишување реченици, дијалози, пасуси и цели текстови;
- употреба на вокабуларот од темите во програмата при зборување и пишување;
- домашни задачи.

За секоја тема ученикот/ученичката добива бројчана сумативна оценка согласно постигнатите стандарди за оценување, односно колку ги/ја постигнал/а очекуваните резултати од конкретната тема. Бројчаната сумативна оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Сумативното оценување е поврзано со определени периоди во наставната година (тримесечие, полугодие и крај на учебна година).

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Англиски јазик* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/16<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>______________________________ |